***З А П И С Н И К***
***од вонредна седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 29.05.2023 година***

Седницата се одржа во салата за состаноци на Советот во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во $18^{00}$ часот.

На седницата присуствуваа 9 (девет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски, советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Јордан Кромидаровски, Даниела Давидевска, Магдалена Вељановска, Филип Ангелевски, Сандра Пејковска и Јасмина Јовановска, а отсутни беа советниците Сашо Михајловски и Валентин Нестороски. Претставник од општината беше Александра Трајковска. Од општинската администрација присутен беше Раководителот Влатко Станковски, Мише Милошевски, директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Одлука за доделување на финансиски средства на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар.
2. Донесување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на Жан Груевски од с.Загориче.
3. Донесување на Одлука за измена на распоредот на средтвата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година.
4. Донесување на Одлука за одобрување на под-проектот „Реконструкција на локални улици 1 и 3 во н.м. Сопотница, Општина Демир Хисар“ како приоритетна инвестиција.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата, констатира присуство од девет советници, исполнети се условите за работа на Советот. Претставникот од општината Мише Милошевски објасни за одлуката за реконструкција на улици во Сопотница кога се аплицираше документацијата беше комплетна, додека траела постапката утврдиле дека фали ваква одлука од тие причини се стави како точка на вонредна седница. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде потребата од свикување на вонредна седница е и одлуката за доделување на финансиски средсва на ЈКП „Комуналец“ бидејќи имаат рок до кога треба да се плати фактурата за електрична енергија во спротивно ќе биде исклучена, со што населението ќе остане без вода. Втората точка исто така е од итен карактер, бидејќи средствата му се потребни за лекување. Потоа предложениот Дневен ред го стави на гласање. Едногласно со 9 „за” беше усвоен Дневниот ред.

***ТОЧКА 1. Одлука за доделување на финансиски средства на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар***

За Одлуката за доделување на финансиски средства на ЈКП ,,Комуналец” Демир Хисар објаснување имаше раководителот Влатко Станковски. При тоа објасни со оваа одлука се доделуваат 800.000 денари финансиски средства на ЈКП „Комуналец“ кои ќе се искористат за исплата на заостанат долг за електрична енергија кон ЕВН, со тоа што ЈКП „Комуналец“ има обврска за овие средства да изврши работи и услуги за потребите на општината. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски дополни општината му должи 500.000 на комуналното претпријатие, да му се платат поради моменталната состојба да не му ја исклучат струјата и уште 300.000 да му се додадат да ја платат фактурата. На дискусијата реагираше советничката Сандра Пејковска, бидејќи во одлуката е наведено дека му се доделуваат 800.000, ако општината должи по фактури нема потреба од оваа одлука. Раководителот Влатко Станковски објасни тоа што општината го должи тоа се тековни работи, не се дел од овие средства. Директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски објасни ова е еден вид авансно плаќање за работи кои ќе се извршат. Долгот на ЈКП „Комуналец“ за електрична енергија е поголем, но се раговараше со ЕВН да се плати дел да не исклучуваат пумпите, ни излегоа во пресрет, на некој начин ова е само одложување што понатаму ќе видиме. Советникот Јордан Кромидаровски додаде ова е за работата кај домот која требаше комуналното претпријатие да ја сработи, а советничката Марина

Димитријовска праша колку е вкупниот долг и зошто се чекаше да дојди до момент на исклучување на струјата. Директорот Мицковски објасни вкупниот долг е 2.500.000, не се чекаше, толку се можностите на претпријатието. Ова е државен проблем, настанат е поради високите цени на електрична енергија во јуни, јули, август месец имаше 300% зголемување на електричната енергија, а цената на водата беше иста. Исто во селата се работи со загуба. Ова не е само кај нас, со ваков проблем се соочуваат многу јавни претпријатија, некаде се исклучи струјата, ние бараме решение населението да не остане без вода за пиење.
Советничката Сандра Пејковска праша како ќе се реши тоа. Директорот Мицковски објасни само со покачување на цената на водата, но тоа зависи од регулаторна комисија, исто и со зголемување на минималната плата расходите се зголемија приходите исти. Советничката Марина Димитријовска додаде има и нови вработиувања, треба и тука да се води сметка. Директорот Гоце Мицковски објасни има две нови вработување, се бара ажурност да се работи, мора да се вработат работници има седум општи работници има потреба од уште работници. Советничката Сандра Пејковска дополни дека има потреба од уште работници да се најде решение. Општината да му ги дава работите на ЈКП „Комуналец" предложи советникот Јордан Кромидаровски, а советничката Јасмина Јовановска праша дали се има обратено до регулаторна комисија за цената. Советничката Марина Димитријовска додаде да се склучи договор со ЕВН за плаќање на рати, колку други средства ќе се уплатат освен овие 800.000, а потоа праша дали предходно Советот има носено вакви одлуки. Директорот Гоце Мицковски додаде договор можи да се склучи ама ако не си ликвиден тогаш не можи, ¼ од долгот е платен но тоа не е доволно бараат уште средства, до регулаторна комисија се имаат обратено. Раководителот Станковски објасни ваква одлука предходно не се носела но не е спорно да се донеси ова не е субвенционирање, ова е авансно плаќање за активности за кои ќе бидат ангажирани. Советничката Сандра Пејковска забележа во членот 3 од одлуката треба да се допрецизира што ако не се извршат планираните активности. Советникот Јордан Кромидаровски праша кога ќе се започни со работа кај домот активностите кои беа планирани. Директорот Гоце Мицковски објасни со работа се планира да се започни од 30.05.2023, тоа ќе се сработи, сега да се најди решение да не се случи да ја исклучат струјата населението да остани без вода. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 5 „за" 4 „против" воздржани немаше.

***ТОЧКА 2. Одлука за доделување на еднократна парична помош на Жан Груевски од с.Загориче***

За Одлуката за доделување на еднократна парична помош на Жан Груевски од с.Загориче претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни потребно да му се помогни на семејството средствата му се неопходни затоа предложи да се доделат 120.000. Дискусија немаше. Едногласно од присутните беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 3. Одлука за измена на распоредот на средтвата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година***

За Одлуката за измена на распоредот на средтвата на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година раководителот Влатко Станковски објасни одлуката е поврзана со одлуката од точка 1, 800.000 се намалува во програма Ј3 јавно осветлување, а се префрлаат во програма А0 совет. Дискусија немаше. Со 5 „за" и 4 „против" одлуката беше донесена.

***ТОЧКА 4. Одлука за одобрување на под-проектот „Реконструкција на локални улици 1 и 3 во н.м. Сопотница, Општина Демир Хисар" како приоритетна инвестиција***

За Одлуката за одобрување на под-проектот „Реконструкција на локални улици 1 и 3 во н.м. Сопотница, Општина Демир Хисар" како приоритетна инвестиција објаснување имаше раководителот Мише Милошевски. Дискусија немаше. Со 9 „за" беше донесена одлуката.

Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-659/3
23.06.2023 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.